**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1303-810/9**

**Скопје, 01.12.2006 година**

**ДО**
**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПОШТЕНСКИ СООБРАЌАЈ „МАКЕДОНСКА ПОШТА“ ц.о.СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавно претпријатие за поштенски сообраќај „Македонска Пошта“ц.о.Скопје (во понатамошниот Македонска Пошта) за 2005 година, кои се прикажани на страните од 11 до 14.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државната ревизија.

3. Извршена е ревизија, и е издаден извештај за финансиските извештаи на Јавно претпријатие за поштенски сообраќај „Македонска Пошта“ц.о.Скопје за годината која и предходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Таип Јакупи - директор,

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 10, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 11.07.2006 до 01.08.2006 и од 18.08.-13.10.2006 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Од страна на законскиот застапник на јавното претпријатие добиени се забелешки на точка 10.2.1. од Претходниот извештај, број 1304-810/8 од 23.11.2006 година, истите овластениот државен ревизор ги разгледа и делумно ги прифати.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Неправилна примена на акти**

11.1.1. За транспортот на паричните средства и други вредности Македонска Пошта има воспоставено пишани процедури и тоа:

- Согласно одредбите на член 8 од Правилникот за физичко и техничко обезбедување во ЈП за поштенски сообраќај Македонска пошта ц.о Скопје преносот на пари и други вредносници, како и доверливи документи до објектите на Македонска Пошта се врши со физичко обезбедување на истите.
- Согласно одредбите на член 22 од горенаведениот Правилник, преносот на поголема сума пари и други вредности се врши во присуство на најмалку двајца работници или со асистенција на Министерството за внатрешни работи.
- Согласно член 17 од Договорот за вршење на платен промет во поштите за сметка на Поштенска банка заведен под број 02-9033/2 од 30.08.2001 година, поштата е должна да ги осигура сите парични средства во време на достава, пренос, превоз, натовар и претоварање на паричните средства испратени како вредносни пратки до фактичката вредност која произлегува од придружниот документ.

При доставата на паричните средства Македонска пошта не се придржувала кон горенаведените процедури. Имено при секоја достава на парични средства за исплата на пензии и парични помошти Раководителот на секторот за поштенски сообраќај испраќа телеграма до Подружниците на поштенски сообраќај и Службата за безбедност заради превземање на определени активности во рамките на своите овластувања. Иако се испратени вакви телеграми од страна на службата за безбедност не се превземени мерки за постапување согласно одредбите на член 8 и 22 од горенаведениот правилник. Освен тоа Македонска пошта не се придржувала на одредбите од член 17 од Договорот за вршење на платен промет во поштите за сметка на Поштенска банка потпишан помеѓу Македонска пошта и Поштенска банка односно не извршила осигурување на сите парични средства во време на достава, пренос, превоз, натовар и претоварање на паричните средства испратени како вредносни пратки до фактичката вредност која произлегува од придружниот документ.

Непочитувањето на пишаните процедури за транспорт на паричните средства и други вредносници овозможило во текот на 2005 година по пат на грабежи-разбојништва над службени возила при транспорт на парични средства и тоа на ден 16.09.2005 година кога се одземени 2.000 илјади денари и на ден 16.12.2005 година кога се одземени 36.200 илјади денари да се нанесе материјална штета на Македонска пошта без можност истата да биде надоместена.

11.1.2. За осигурување на имотот на Македонска Пошта за 2005 година донесено е Решение заведено под број 03-8712/1 од 23.12.2004 година. Врз основа на ова Решение на ден 27.12.2004 година во “Службен весник на РМ” објавен е Отворен повик 43/04 за прибирање на понуди за набавка на услуги за осигурување на имотот и средствата на Македонска Пошта за деловната 2005 година. По спроведената постапка за јавна набавка донесена е Одлука заведена под број 03-500/1 од 10.02.2005 година за избор на нај поволен понудувач при што е избран Сигал АД Скопје.

На ден 01.04.2005 година склучен е Договор за едногодишно осигурување на имотот заведен под број 03-2988/1 од 22.04.2005 година со Друштвото за осигурување Сигал А. Д. Скопје. Согласно член 6 од Договорот осигурувањето по овој договор е склучено во траење од 12 месеци и почнува од 01.02.2005 година и трае до 01.02.2006 година.

Заклучно со 31.12.2004 година имотот на Македонска Пошта е осигуран кај Акционерското друштво за осигурување и реосигурување Кјуби Македонија. Според тоа имотот на Македонска Пошта за јануари месец 2005 година не е осигуран. Во истиот временски период извршени се четири кражби во единиците на поштенската мрежа при што е нанесена штета на Македонска Пошта во вкупна вредност од 3.823 илјади денари. Вака пропишаните услови во договорот за осигурување на имотот за деловната 2005 година со важност од 01.02.2005 година не е во согласност со условите за осигуривање објавени во отворениот повик за осигурување број 43/2002 од 27.12.2004 година, а со цел да се ублажи нанесената штета на Македонска Пошта и покрај тоа што по тендерската документација утврдената вредност на набавката по тендерската документација изнесува 10.268 илјади денари, полисите се склучени на износ од 8.602 илјади денари односно добиен е попуст од 10% со кое Македонска Пошта за наведената услуга/осигурување плаќа 7.757 илјади денари.

Ненавременото превземање на активности за осигурување на имотот предизвикува материјална штета на имотот и средствата на претпријатието.

11.1.3. На ден 30.08.2001 година склучен е договор за вршење на платен промет во поштите за сметка на поштенска банка заведен под број 02-9033/2 помеѓу Поштенска банка А.Д. Скопје и Ј.П. за поштенски сообраќај „Македонска Пошта“ ц.о. Скопје со кој согласно член 21 е уредено дека „за реализација и несметано работење на платниот промет Поштенска банка од свои средства финансирала набавка на компјутерска опрема за поврзување и опремување на поштенските шалтери во износ од 2.500.000 ДЕМ. Доколку дојде до раскинување на договорот по вина или барање на Македонска пошта, во тој случај Македонска пошта е должна да ги надомести средствата вложени од став 1 на овој член на Поштенска банка“. Наведената одредба не ја

одразува реалната и објективна состојба и како таква предизвикува наведениот договор да не преставува веродостоен сметководствен документ, што е спротивно на член 472 од Законот за трговските друштва. Јавното претпријатие согласно фактурата број 130/02 од 28.08.2002 година во износ од 85.550 илјади денари ја купува наведената опрема од Поштенска Банка А.Д. Скопје а начинот на измирување на наведената обврска е уреден со Одлука за превземање на опрема и изведени градежно-занаетчиски работи од „Поштенска Банка“ А.Д. Скопје заведен под број 03-9031/1 од 01.07.2002 година односно износот од 73.014 илјади денари се компензира со договор за наменски депозит од 31.08. 2001 година и износот од 12.536 илјади денари со договорот за депонирање на парични средства од 07.09.2001 година. До денот на ревизијата не е постигната взаемна согласност на договорените страни да пристапат кон изменување и дополнување на одредбите од договорите кои ја уредуваат взаемната деловна соработка а пред се укинување на наведената одредба која предизвикува можност за нанесување материјална штета на претпријатието во износ од 2.500.000 ДЕМ.

11.1.4. Јавното претпријатие и Поштенска Банка А.Д. Скопје пристапиле кон склучување на Договорот за меѓусебна деловна соработка заведен под број 02-9033/1 од 30.08.2001 година и Договор за вршење на платен промет во поштите за сметка на поштенска банка заведен под број 02-9033/2 од 30.08. 2001 година, со кои е уредено дека: „трошоците кои би настанале поради потреба за купување на дополнителна комуникациска машинска и програмска опрема за воспоставување на заштитна и двонасочна комуникација; содржината, начинот на размена на податоците и покривањето на трошоците кои произлегуваат од заеднички договрени измени; прилагодувањето на информационите системи на Македонска пошта и Поштенска банка за постојните и нови услуги на информатизираниот поштенски шалтер; маркетингот и услугите на менувачките работи и услуги преку меѓународни поштенски платни инструменти ќе го уредат со посебни договори“, кои до денот на ревизијата не се изработени и потпишани од двете договорни страни, што е спротивно на одредбите на наведените договори. Непревземањето на соодветни активности за изработка на соодветни договори односно изменување и дополнување на веќе постојните договори со кое ке се уреди погоренаведената област предизвикува можност за субјективно постапување, несоодветно распоредување на трошоците и распределба на приходите.

11.1.5. Согласно член 25 од договорот за вршење на платен промет во поштите за сметка на поштенска банка заведен под број 02-9033/2 од 30.08.2001 година е предвидено дека „во случај на статусни промени спојување со други правни лица, раздвојување или приватизација на Македонска Пошта договорените странки се должни во новонастанатите статусни промени да ги применуваат и почитуваат правата и обврските кои произлегуваат од овој договор, без притоа да се обезбеди соодветна согласност од основачот на претпријатието што е спротивно на член 11 од Законот за јавни претпријатија и Статутот на Јавното претпријатие. Поради непочитувањето на законските и статутарните одредби директорот на претпријатието ги надминал своите надлежности со кое предизвикува можност за несакани последици при процесот на приватизација на претпријатието.

11.1.6. Управниот одбор на претпријатието на седницата одржана на ден од 12.01.2005 година донесува Одлука за утврдување на Планот за инвестиции во 2005 година заведена под број 03-291/1 за кој обезбедува согласност од основачот содржана во Одлука број 19-1955/1од 24.05.2005 година. Претпријатието во текот на 2005 година пристапува кон повеке измени и дополнувања на Планот за инвестиции, без притоа да обезбеди согласност од основачот што е спротивно на член 11 од Законот за јавните претпријатија и статутарните одредби на претпријатието. Непочитувањето на законските и статутарните одредби предизвикува ограничувања на надлежностите на основачот и можност од незаконско и ненаменско користење на средствата.

11.1.7. Соглсно член 34 од Упатството за вршење на готовински платен промет во поштите, Поштенска банка АД Скопје е обврзана да врши контрола за пречекорување на благајничкиот максимум кај поштите. На ревизијата не и беа презентирани соодветни и веродостојни документи за извршена контрола од страна на Поштенска банка, освен пооделни известувања од страна на раководителите на подружниците и раководителот за поштенски сообраќај со кое укажуваат дека операторите, одговорните работници во единиците на поштенската мрежа не го почитуваат утврдениот благајнички максимум за соодветната пошта што е спротивно на Одлуките за утврдениот благајнички максимум. Непочитувањето на Упатството и Одлуката на благајнички максимум предизвикува создавање “одвишок” на парични средства во поштите и потенцијален ризик од кражба на паричните средства и нанесување материјална штета за делот над благајничкиот максимум кој не го обештетува осигурителната компанија.

11.1.8. Македонска Пошта на ревизијата и презентираше Одлука за определување на платата на директорот на Ј.П. број 03-3125/2 од 14.03.2000, Одлука за определување на платата на заменик директорот на Ј.П. број 03-3125/3 од 14.03.2000 и Решенија за плата број 04-14901/1 од 27.11.2002 и 03-1766/1 од 04.02.2003 годинана, при што на име месечна плата за периодот јануари-декември 2005 година на директорот и заменик директорот без соодветен писмен акт донесен од Владата на Република Македонија, извршена е исплата во нето износ од 1.303 илјади денари. На ревизијата не и беше презентиран соодветен акт донесен од надлежен орган за утврдување на плата на директорот и заменик директорот на Јавното претпријатие, што е спротивно на член 2 од Законот за платата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката. Овластени лица од Јавното претпријатието усно ја информирале Владата на Република Македонија да им достави писмен акт на име месечна плата за директорот и заменик директорот, меѓутоа не им одговориле на барањето. Непочитувањето на одредбите од Законот за платата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката предизвикува исплата на плата која не е утврдена од надлежното тело при Владата на Република Македонија.

**Препораки и мерки:**

1. Македонска пошта да воспостави пишани процедури и насоки на однесување и постапување на вработените кои ке овозможат доследно почитување на пропишаните процедури за транспорт на парични средства, оневозможување да настанат штети од грабежи на паричните средства и создавање услови за надокнада на евентуално настанатите штети.

2. Македонска Пошта да превземе мерки за навремено и доследно почитување на утврдените процедури и рокови за избор на најповолен понудувач за осигурување на имотот.

3. Претпријатието во соработка со основачот и Поштенската Банка А.Д. Скопје да превземат соодветни активности кон усогласување на одредбите од договорите кои ја регулираат меѓусебната деловната соработка и вршењето на платниот промет, пропишување на други договори и укинување на наведените спорни одредби од постоечките договори.

4. Македонска Пошта да пристапи кон изработка на опсежна анализа на вкупните трошоци и вкупните приходи кои ги прави/остварува во вршењето на платниот промет и другите услуги во име и за сметка на Поштенска банка А.Д. Скопје и врз основа на таквата анализа ги предложи и утврди соодветните проценти на распределба на остварените приходи.

5. Менаџерскиот тим и Управниот одбор на претпријатието да превземат активности за пропишување на процедури кои ке овозможат секое изменување и дополнување на актите на претпријатието за кои е потребна согласност од основачот да биде пропратено со соодветна согласност.

6. Македонска Пошта во соработка со Поштенска банка АД Скопје да превземе активности за вршење на времени и континуирани контроли на утврдениот благајнички максимум и да предложи соодветни мерки за одговорност на лицата кои не ги почитуваат утврдените процедури.

7. Македонска Пошта да ги превземе потребните активности во соработка со Управниот одбор да обезбеди/донесе соодветен акт за утврдување на платата на директорот на Јавното претпријатие .

11.2. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.2.1. Извршени се набавки на производи и услуги во вкупен износ од 5.661 иљади денари без спроведена постапка за јавни набавки, што е спротивно на Законот за јавни набавки. Непочитувањето на Законот за јавни набавки и не спроведувањето на соодветните постапки за набавка предизвикува ненаменско и незаконско користење на средствата, необезбедување на фер конкуренција, еднаква положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките. (Прилог број 1)

11.2.2. Македонска Пошта на ден 13.09.2005 година склучува договор со Космос ЛТД за набавка на компјутерска опрема, кој договор не е склучен во утврдениот рок со Законот за јавните набавки и истиот не е доставен до Бирото за јавни набавки, со тоа што согласно одредбите од договорот е утврдено испораката на опремата да се изврши во рок

од седум дена по склучувањето на договорот, а по претходно писмено барање за испорака. Реализацијата на наведениот договор започнува да се извршува започнувајки од месец јануари па се до месец септември 2006 година, со што се испорачани вкупно 118 компјутери што е спротивно на одредбите од наведениот договор и Законот за јавни набавки. Во услови кога до денот на ревизијата во магацинот на претпријатието на залиха се наоѓаат 92 компјутери, кога распределбата се извршувала без почитување на планот за распределба и инсталирање на компјутерите и кога не е извршено истражување за реалната цена на чинење на компјутерската опрема која е изложена на постојано опаѓање на истата, ревизијата изразува сомнеж во целисходноста од наведената набавка.

11.2.3. Македонска Пошта на ден 15.11.2005 година извршила продажба на поштенски марки Европа, 2001,2002,2003,2004 и ,,50 години на првото издание Европа,, на EPIDAMUS sh.p.k Tirana Albania во вкупна вредност од 3.369 илјади денари без претходно склучен договор и одобрен рабат од 50% од надлежните органи. При наведената продажба Македонска Пошта не постапила согласно член 33 од Правилникот за издавање и продажба на поштенски марки и вредносници. Вршење на продажба на поштенски марки и вредносници спротивно на одредбите од Правилникот и одобрување на рабат во поголем процент од максимално дозволениот предизвикува остварување на помал приход на претпријатието во износ од 3.369 илјади денари и ставање во нерамноправна положба на останатите купувачи на филателистичкиот пазар.

11.2.4. Извршено е ангажирање на физички лица за извршување на работни задачи во Македонска Пошта за периодот јануари-декември 2005 година за што се искажани трошоци на име надомест на трошоците на вработените и персонален данок во вкупен износ од 43.226 илјади денари, што е спротивно на член 22 од Законот за работни односи и член 46 и Законот за облигационите односи. Непочитувањето на законските прописи предизвикува ненаменско и незаконско користење на средствата во износ од 43.226 илјади денари.

**Препораки и мерки:**

1. Македонска Пошта да пропише процедури со кои ќе обезбеди целосно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки како услов за обезбедување на фер конкуренција и еднаква положба на понудувачите.

2. Македонска Пошта да воспостави/пропише политики за утврдување на потребите од набавки на одредени производи и услуги и спроведување на набавките го врши во периодот кога и ќе се врши фактичката реализација на набавката.

3. Македонска Пошта да превземе мерки и активности во соработка со основачот (Влада на Република Македонија) за воспоставување на нови процедури или измени во постоечките законски и подзаконски акти кои ја регулираат материјата од областа на Филателијата и филателистичкиот пазар.

4. Македонска пошта да превземе постапка на утврдување на одговорноста на лицата кои одобриле рабат при продажбата на филателистички марки во процент поголем од пропишаниот без одлука од надлежните органи.

5. Македонска Пошта да превземе активности за пропишување на соодветни политики кои ќе овозможат доследно почитување на законските и подзаконските акти од областа на работните односи, да ја утврди потребата од дополнителна работна сила за пополнување на слободни работни места и нивно ангажирање согласно Законот за Агенциите за привремени вработувања односно Законот за работните односи.

11.3. **Ефекти од ревизијата**

Имајќи ги во предвид наодите изнесени во точките 11.1. и 11.2 придонесуваат Македонска Пошта да не ги почитува пишаните процедури за транспорт на паричните седства и други вредносници, ненавременото превземање на активности за осигурување на имотот, непревземени активности за усогласување на одредбите од договорите со Поштенска Банка А.Д., необезбедена согласност на измените и дополнувањата на планот/програмата за инвестиции, непочитување на утврдениот благајнички максимум по Поштите, исплатува плати за директорот и заменик директорот без донесен акт од надлежен орган, незаконско и ненаменско користење на средствата и остварен помал приход поради непочитување на Правилникот за продажба на поштенски марки и вредносници при продажба на поштенски марки на филателистичкиот пазар.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.1. финансиските извештаи ја преставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Македонска Пошта под 31 Декември 2005 година, резултатите од работењето и паричните текови за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во во точките 11.1. и 11.2., кај Македонска Пошта е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции за 2005 година.

14. Обрнуваме внимание на подолу наведената состојба:

14.1.1. Во текот на месец јули 2005 година на Македонска Пошта - Биро за филателија и е понудено да учествува во Проект за одбележување на „50 Години од првото издание Europa (1956-2006) од страна на FILATELIA INTERNACIONAL Sorbourne Ltd по e-mail од 01.07.2005 година во која се наведува дека Македонија односно Македонска Пошта се кани да учествува во наведениот филателиски проект. Проектот за учество е понуден на 50 земји помеѓу кои и на Република Македонија.

По добиената покана, од страна на Македонска Пошта се превземени активности за прифаќање на понудата и исполнување на условите кои се пропишани во Договорот за продажба на специјално издание на поштенски марки ,,50 Години од првото издание Europa (1956-2006)

Склучен е Договор за продажба на специјално издание на поштенски марки ,,50 Години од првото издание Europa (1956-2006) помеѓу Јавното претпријатие Македонска Пошта како продавач и FILATELIA INTERNACIONAL Sorbourne Ltd како купувач заведен во Јавното претпријатие под број 03-6594/1 од 03.08.2005 година. Цел на договорот е продажба на специјално издание на поштенски марки со

тема ,,50 години од првото издание Europa (1956-2006) и тоа 500.000 серии со 4 перфорирани поштенски марки и 500.000 блокови со перфорирана поштенска марка наменети за купувачот и 20.000 серии со 4 перфорирани поштенски марки и 20.000 блокови за Македонска Пошта-продавачот, со номинална вредност за една серија (4 перфорирани поштенски марки и еден болк) од 27 Евра. Вкупната продажна цена на порачаната стока согласно Договорот изнесува 700.000 Евра. Наведените услови односно обврски на Купувачот и Продавачот се определени од нарачателот FILATELIA INTERNACIONAL Sorbourne Ltd и истите се унифицирани и важат за сите земји учеснички, односно сите земји учеснички учествуваат со марки со мотиви од сопствената држава. И покрај тоа што беше презентирана понуда за истиот проект во износ од 650.000 Евра од друг понудувач и ценејќи го фактот дека со наведениот проект е остварен значаен приход на Македонска пошта, Ревизијата не доби разумно уверување за начинот на утврдените услови во договорот за формираната номиналната и продажната вредност на Изданието на специјалните поштенски марки “50 години од првото издание Europa (1956 - 2006)”, во согласнот со целите и општите принципи кои управуваат со ревизијата на финансиските извештаи – МСР 200.

14.1.2. Македонска Пошта во периодт 01.01. до 31.08.2006 година превземало активности за набавки на производи и услуги кое доведува до зголемување на обврските на претпријатието односно вкупните тековни обврски на претпријатието во износ од 134.364 илјади денари со состојба 31.12.2006 година се зголемени на 233.951 илјада денари со состојба 31.08. 2006 година, односно забележан е пораст од 99.587 илјади денари. Ваквата состојба предизвикува негативен одраз кон способноста на претпријатието да ги исполнува своите финансиски обврски кога доспеваат односно расположивоста на паричните средства во текот на подолгорочен временски период за исполнување на финансиските обврски кога доспеваат (ликвидност и солветност). Спроведувајќи несоодветна политика на рамномерно задолжување на претпријатието предизвикало намалување на показателот на тековната ликвидност на претпријатието од 4,4818 на 2.8001 односно намалување за 37,52 % односно намалување на моментната ликвидност од 3,9147 на 2,4278 односно намалување за 37,98 %.

14.1.3. По барање на Македонска Пошта, Министерството за финансии на Република Македонија доставува известување број 17-5643/2 од 17.05.2006 година со кое го известува претпријатието дека во финансискиот план на Јавното претпријатие за тековната фискална година се обезбедени финансиски средства за вработување на 232 лица. Врз основа на наведеното известување Јавното претпријатие распишува јавен оглас за пополнување на одредени работни места на неопределено време заведен под број 04-4181/1 од 24.05.2006 година а изборот и приемот на лицата го изврши во период од 19 до 21 јули 2006 година. Ревизијата не обезбеди разумни уверувања дека наведената активност била неминовна и неопходна и истата да се изврши пред парламентарните и после парламентарните избори во Република Македонија.

14.1.4. Владата на Република Македонија на седницата одржана на ден 12.06. 2006 година донесува Одлука за преобразба на Јавното претпријатие за поштенски сообраќај ,,Македонска Пошта” Ц.О. Скопје во

Акционерско друштво во државна сопственост број 19-2760/1 од 12.06.2006 со која се преобразба на Јавното претпријатие за поштенски сообраќај „Македонска Пошта“ ц.о.Скопје во Акционерско друштво во државна сопственост. До денот на ревизијата не е извршено регистрирање на Друштвото во Централниот регистар, а согласно член 514 став од Законот за трговски друштва се смета дека Одлуката не е донесена. Ревизијата не се увери во оправданоста и целисходноста на наведената Одлука во наведениот период.

15. Македонска Пошта превземала мерки само за утврдените наоди во точките: 11.2.1.; 11.3.1.;11.3.4.; 11.4.3; од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2004 година.

**Скопје, 29.11.2006 година** **Овластен државен ревизор**

**Јавно претпријатие за поштенски сообраќај“Македонска пошта” ц.о. - Скопје**

**БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2005 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| **ОПИС** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 1,242,825 | 1,239,773 |
| Приходи врз основа на употреба на сопствени производи, стоки и услуги | 1,015 | 1,192 |
| Останати деловни приходи | 25,318 | 49,223 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | **1,269,158** | **1,290,188** |
| Материјални трошоци | 273,799 | 260,633 |
| Трошоци за бруто плати | 649,274 | 686,921 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 117,902 | 139,868 |
| Вредносно усогласување на на краткорочни средства | 17,929 | 918 |
| Останати оперативни трошоци | 283,467 | 284,869 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | **1,342,371** | **1,373,209** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 82,782 | 8,799 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 1,199 | 2,752 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | **8,370** | **(76,974)** |
| Вонредни приходи | 2,452 | 2,489 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **10,822** | **(74,485)** |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | **10,822** | **(74,485)** |

**Јавно претпријатие за поштенски сообраќај“Македонска пошта” ц.о. - Скопје**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 93,621 | 60,203 |
| Побарувања по основ на продажба | 147,858 | 169,351 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 84,785 | 89,092 |
| Краткорочни финансиски вложувања | 173,913 | 174,550 |
| Други краткорочни побарувања | 16,338 | 16,336 |
| Платени трошоци за идните периоди | 8,367 | 12,154 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 1,116 | 2,042 |
| Залихи | 76,200 | 71,612 |
| Аванси за нематеријални и материјални вложувања | 151 | 5,655 |
| **Вкупно тековни средства** | **602,349** | **600,995** |
| **Нетековни средства** | | |
| Нематеријални и материјални средства | 1,423,296 | 1,485,713 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 150,880 | 87,306 |
| **Вкупно нетековни средства** | **1,574,176** | **1,573,019** |
| **Вкупна актива** | **2,176,525** | **2,174,014** |
| **Вонбиласна евиденција-актива** | **301** | **-** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачите | 82,340 | 93,820 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 451 | 1,701 |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | 15,250 | 15,373 |
| Краткорочни обврски од финансирање | 12,253 | 10,474 |
| Останати краткорочни обврски | 610 | 1,373 |
| Одложени плаќања на трошоци | 23,460 | 17,566 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **134,364** | **140,307** |
| **Капитал и резерви** | | |
| Капитал | 2,005,504 | 2,082,517 |
| Ревалоризациона резерва | - | 25,675 |
| Резерви | 27,458 | - |
| Нето добивка | 9,199 | - |
| Загуба за финансиска година | - | (74,485) |
| **Вкупно капитал и резерви** | **2,042,161** | **2,033,707** |
| **Вкупна пасива** | **2,176,525** | **2,174,014** |
| **Вонбиласна евиденција-пасива** | **301** | **-** |

**Јавно претпријатие за поштенски сообраќај“Македонска пошта” ц.о. - Скопје**

## П Р Е Г Л Е Д
## ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2005 ГОДИНА

| О П И С | Капитал | Ревалоризациона резерва | Резерви | Добивка од финансиската година | Загуба од финансиската година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **2,082,517** | **25,675** | | | **(74,485)** | **2,033,707** |
| Добивка за финансиска 2005 година | | | 1,623 | 9,199 | | **10,822** |
| Распределба на ревалоризац. резерва | | (25,675) | 25,675 | | | |
| Покривање на загубата на терет на капиталот | (74,485) | | | | 74,485 | - |
| Останати неспомнати промени кои влијаат на капиталот и резервите | (2,528) | | 160 | | | **(2,368)** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **2,005,504** | **-** | **27,458** | **9,199** | **-** | **2,042,161** |

**Јавно претпријатие за поштенски сообраќај“Македонска пошта” ц.о. - Скопје**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2005 ГОДИНА**

| | во 000 Ден. |
|---|---|
| | **2005/2004** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **10,822** |
| Трошоци кои не повлекуваат користење на обртни средства: | |
| Амортизација | 117,902 |
| Приходи од вишоци и поранешни години | (5,411) |
| **Готовински текови од работење** | **123,313** |
| Побарувања по основ на продажба | 21,788 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 4,307 |
| Краткорочни финансиски вложувања | 637 |
| Други краткорочни побарувања | (2) |
| Платени трошоци за идните периоди | 3,787 |
| Побарувања за дадени аванси депозити и кауции | 612 |
| Залихи | (4,588) |
| Аванси за нематеријални и материјални вложувања | 5,504 |
| Обврски спрема добавувачи | (11,480) |
| Примени аванси, депозити и кауции | (1,250) |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | (123) |
| Краткорочни обврски од финансирање | 1,779 |
| Останати краткорочни обврски | (763) |
| Одложени плаќања на трошоци | 5,894 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **149,415** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Долгорочни финансиски вложувања | (63,574) |
| Нематеријални и материјални вложувања | (52,423) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(115,997)** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **33,418** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **60,203** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **93,621** |